**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**
**За период Јануари - Март 2016 година**

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Март 2016 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2016 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот Јануари - Март 2016 година изнесуваат 1.702.337 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2015 година бележат пораст од 8%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 94%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2015 година бележат пораст од 6%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот Јануари - Март 2016 година изнесуваат 2.190.331 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2015 година се на исто ниво. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2015 година бележат пораст од 2%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот Јануари - Март 2016 година изнесуваат 1.497.479 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2015 година бележат пораст од 8%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари - Март 2016 година изнесуваат 1.949.783 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2015 година бележат намалување од 1%.

**Дивиденда**

На 4 април 2016 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2015 година во износ од 329.211 илјади денари односно 230 денари бруто за една акција. Нето дивиденда за 2015 година изнесува 207 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Март 2016 година изнесуваат 159.893 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 31.03.2016 година изнесуваат 255.535 илјади денари и во споредба со состојбата на 31.03.2015 година бележат намалување од 22%.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Март 2016 година во Алкалоид се реализирани 53 нови вработувања во Република Македонија.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Март 2016 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2016 | | 2015 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **16/15** |
| Домашен пазар | 614.993 | 38 | 583.087 | 39 | 105 |
| Странски пазар | 986.087 | 62 | 928.011 | 61 | 106 |
| **Вкупно:** | **1.601.080** | **100** | **1.511.098** | **100** | **106** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2016 | | 2015 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **16/15** |
| Домашен пазар | 798.895 | 38 | 806.947 | 39 | 99 |
| Странски пазар | 1.325.344 | 62 | 1.278.320 | 61 | 104 |
| **Вкупно:** | **2.124.239** | **100** | **2.085.267** | **100** | **102** |

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2016 | | 2015 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **16/15** |
| Единечна ЕБИТДА | 306.757 | 19 | 282.400 | 19 | 109 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 348.654 | 16 | 324.236 | 16 | 108 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2016 | | 2015 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **16/15** |
| Единечна Нето добивка | 186.411 | 12 | 172.805 | 11 | 108 |
| Консолидирана Нето добивка | 208.735 | 10 | 199.178 | 10 | 105 |